МАСИТ
Стопанска комора за информатички
и комуникациски технологии

Стопанска Комора за Информатички
Комуникациски Технологии
Бр. 22/1-2013
28.06 2013 год.
СКОПЈЕ

Скопје, 28.06.2013

До:
Министерство за информатичко општество и администрација
За: Г-дин Димитар Буковалов, Раководител на сектор за комуникации

**ПРЕДМЕТ: Предлози за промени во однос на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги**

Почитуван Г-дин Буковалов,
Согласно спроведените консултации со членството на МАСИТ, би сакале да ве известиме дека најновата верзија на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги од 05.06.2013 год. детално ја разгледавме, и Комитетот за електронски комуникации ги предлага следниве предлози и бара одредени појаснувања во однос на законот:

1. Поголема транспарентност и отчетност во работата на Советот, посебно во делот кога се одржуваат состаноците, на пример официјалниот записник да се објавува на веб страната, најмалку двапати годишно јавни состаноци, како и по потреба консултации со операторите околу битните прашања кои би се одразиле на нивниот бизнис.
2. Податоците кои се потребни во регистарот на издавачи на електронски публикации да се земат од државните органи кои веќе ги поседуваат и така да се ажурираат. (На пример Централен Регистар, МАРНЕТ итн.)
3. Надоместокот за надзор да се користи исклучиво за таа намена. Доколку останат средствата непотрошени, да им се вратат на операторите или пак да се намали износот на тој надоместок за наредната година.
4. Во програмскиот совет на МРТ да се има претставник на МАСИТ, со оглед дека советот решава и прашања околу инвестиции во техничка опрема.
5. Сугерираме дека е потребно од законот, член 112 став 16 да се избрише кој гласи: Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.
6. Во член 113, став 3 и став 4, потребно е да се променат роковите кои се дадени согласно законските рокови кои важат во Р. Македонија.
7. Бараме појаснување на зборот "ограничен ресурс" во член 69 од законот.
8. Потребно е казните да се симплифицираат и да има градирање на казните.

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.032

www.masit.org.mk
E-маил: contact@masit.org.mk

МАСИТ
Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

Би Ви биле благодарни доколку горенаведените предлози ги земете во предвид, и се надеваме дека на овој начин ќе помогнеме за успешно спроведување на законот.

Со почит,

Анита Никова

МАСИТ, Извршен директор

ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3230.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
e-маил: contact@masit.org.mk